РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ„ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Сл.весник на РСМ бр..275/2019, 14/2020 , 215/2021 и 99/2022), Градоначалникот на општина Гази Баба ја донесе следната

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Бр. 04-4244/16
04.09.2026 год.
СКОПЈЕ

# ОДЛУКА

## за избор на кандидат за вработување по јавен оглас

1. По јавниот оглас број 517/2026 за вработување на административен службеник во Општина Гази Баба објавен во дневните весници, „Вечер“ „Нова Македонија“ и „Коха“ како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација од Предлогот за вработување на кандидат на работното место самостоен референт - систем администратор, Одделение за информатичка технологија, Сектор за управување со човечки ресурси и информатичка технологија-1 извршител се избира

- **Александар Гочков**

2. Именуваниот-та ќе биде вработен на горенаведеното работно место по конечноста на оваа Одлука.

3. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесување.

## *ОБРАЗЛОЖЕНИЕ*

На ден 22.07.2026 година во дневните весници „Вечер“, „Нова Македонија“ и „Коха“ како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација беше објавен Јавен оглас за вработување на административен службеник во Општина Гази Баба за работното место самостоен референт -систем администратор, Одделение за информатичка технологија, Сектор за управување со човечки ресурси и информатичка технологија -1 извршител.

Во врска со наведениот оглас и работното место формирана е Комисија за селекција за вработување по јавен оглас со Решение бр.10-1747/4 од 23.07.2026 година донесено од страна на Директорот на Агенцијата за администрација.

Комисија спроведе административна селекција за административниот службеник и состави записник под бр. 10-1747/5 од 07.08.2026 година, по што Комисијата спроведе испит за административен службеник и за истиот состави Записник заведен под бр. 10-1747/11 од 27.08.2026 година

На ден 01.09.2026 година Комисијата спроведе проверка на веродостојноста на доказите и интервју за административен службеник и за истото состави Записник заведен под бр. 10-1747/12 од 01.09.2026 година.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

По спроведената постапка од страна на Комисијата до Градоначалникот на општина Гази Баба доставена е Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог за вработување на кандидати со бр. 10-1747/13 од 02.09.2026 година.

Согласно член 45 став 1 од од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ„ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Сл.весник на РСМ бр..275/2019, 14/2020 , 215/2021 и 99/2022) Секретарот односно раководното лице во институциите во кои не се назначува секретар, во рок од пет дена по добивањето на предлогот од членот 44 ставови 1,3 и 4 од овој закон е должен да донесе одлука за избор.

Поради погоре наведеното, Градоначалникот одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Правна поука:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација- Комисија за одлучување по жалби и проговори на административните службеници во втор степен.

**Доставено до :**
**-кандидатот**
**-Агенција за администрација**
**-персоналното досие**
**-архива**

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Градоначалник**

**Бобан Стефковски**

Изготвил
Раководител на одделение,
Сања Димовска